Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Сто дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 февруари 2023 година

Скопје, февруари 2023 година

# З А П И С Н И К
**од Сто дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 февруари 2023 година**

Седницата започна во 13:25 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Фестим Халили, директор на Фондот за иновации и технолошки развој, како и претставници од Кодвел анлимитед ДОО Скопје.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 124-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 февруари 2023 година

- **Пред преминување на Дневен ред**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

  - Информација за почеток на анализа на ЕУ мерките, презентирани на објаснувачките состаноци од страна на Европската комисија

  - Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 9 Финансиски услуги на капитал од Кластер 2 Внатрешен пазар, со прилози

  - Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 28 Заштита на потрошувачите и јавно здравје од Кластер 2 Внатрешен пазар на 1 и 2 март 2023 година во Брисел, со прилози

  - Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 2 Слободно движење на работници, од Кластер 2 Внатрешен пазар на 3 март 2023 година, во Брисел

  - Информација за соработка за прашања од областа на европската интеграција помеѓу Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за европска интеграција на Владата на Република Србија, со усогласен текст на Меморандум

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2023 година-30 јуни 2023 година, со Барањето на Министерството за финансии за бришење на Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за одржлив развој на општините

- Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција

  - Информацијата за „Формирање на работна група за подготовка на нов закон за спорт"

1. Информација за барање за давање на стопанисување, користење и одржување на паркинг просторот за организирање на паркирање во Комплекс клиники „Мајка Тереза"-Скопје, сопственост на Република Северна Македонија на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје

2. Предлог-одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта

3. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.1/1 КО Мралино ул. „Војни објект" во Скопје)

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У81/20-2 (КП 1/1, КО Мралино).

5. Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/ или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука

6. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот, со Предлог-одлука

7. Предлог-одлука за продажба на деловни простории дадени на трајно користење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје и Предлог-одлука за продажба на деловни простории во сопственост на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје

8. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за висината на трошоците за изработување на условите за планирање на просторот

9. Предлог-план за имплементација на навигација заснована на перформанси

10. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправна установа Казнено-поправен дом Прилеп

11. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Доброволната планинска спасителска служба Осогово

12. Барање согласност на Деловник за работа на Совет за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

13. Предлог-одлука за давање согласност на Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија за 2023 година

14. Барање согласност на Годишна програма за работа на Совет за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

15. Предлог-програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2023 година

16. Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.9.2022 година, со Прилог-образец за акциски план

17. Информација по Барање за регулирање на долг бр.11-9160/3 од 17.11.2022 година, поднесено од Јавно комунално претпријатие „Никола Карев“-Пробиштип

18. Информација во врска со спроведувањето на проектот за изработка на Националниот регистар за подземни води на Република Северна Македонија

19. Информација за одржан состанок и ротација на претседателството на Меѓудржавниот комитет за управување со сливот на Охридското Езеро помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија и Предлог-решение за назначување на членови на Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија и член на Секретаријатот на Комитетот

20. Информација за проектот „Дигитален асистент за потребите на програмите за државна помош на Владата на Република Северна Македонија“-државна помош

21. Информација за формирање на работна група за Развој на информациски систем за управување со државна помош (SAMIS), со Предлог-решение

22. Извештај за извршени преговори за склучување на Меѓународен договор помеѓу Европската Унија, од една страна и Република Северна Македонија, од друга страна, за учеството на Република Северна Македонија во програмата на Унијата, Програма за единствен пазар 2021-2027, со текст на Меѓународен договор и анекси

23. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Кара Тарла“ с. Шашаварлија, Општина Карбинци

24. Предлог на закон за ратификација на Меѓународната спогодба за размена на податоци за проверка на изјави за имотна состојба

25. Информација за спроведувањето на одлуките на Советот на Европската Унија во врска со рестриктивни мерки во поглед на случувањата во Украина кон кои Република Северна Македонија редовно се придружува

26. Предлог-одлука за воведување на рестриктивна мерка против физички лица вклучени во активности на помагање и финансирање тероризам во странство согласно барањето од надлежен орган на Соединетите Американски Држави

27. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2369 на Советот од 3 декември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/2367 на Советот од 3 декември 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр.833/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина

28. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2376 на Советот од 5 декември 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2374 на Советот од 5 декември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права

29. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање Меѓуресорска комисија за спроведување на политиката за упатување лица од Република Македонија во меѓународни мисии и меѓународни организации и за упатување на лица во меѓународни мисии и меѓународни организации

30. Информација за пристапување на Република Северна Македонија кон Конвенцијата за меѓународни изложби, потпишана во Париз на 22 ноември 1928 година, изменета и дополнета со протоколи од 10 мај 1948 година, 16 ноември 1966 година и 30 ноември 1972 година и дополнувања од 24 јуни 1982 година и од 31 мај 1988 година, со Предлог-одлука

31. Годишен извештај за учеството на припадници на Армијата и вработените во Министерството за одбрана во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност надвор од територијата на Република Северна Македонија во 2022 година

32. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО во Република Бугарија

33. Информација за иницирање постапка и испитување на условите за пристапување кон Центарот за извонредност за кооперативна сајбер одбрана (CCDCOE)

34. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права Исеини против Република Северна Македонија А.бр.35172/22, Лиманов против Северна Македонија А.бр.37064/22 и Лазарески против Северна Македонија А.бр.46627/22

35. Информација за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Б.И. против Северна Македонија А.бр. 22849/20, со Предлог-одлука

36. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Јосифовски против Северна Македонија А.бр.29911/15, со Предлог-одлука

37. Информација за ЕУ практики за олеснети процедури за добивање дозволи за градење на електронски комуникациски мрежи со многу големи капацитети

38. Информација за Четвртиот годишен извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022) за периодот јануари-декември 2021 година, со Годишен извештај

39. Барање на Ирена Барбара Ставови Кавка, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, по член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

40. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Компјутерски науки и инженерство“ на Факултет за информатика, при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

41. Информација за спроведување на Одлуката на Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената при Организацијата на обединетите нации

42. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карбинци (мебел за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“, с.Карбинци)

43. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (мебел)

44. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (мебел)

45. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (мебел)

46. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (мебел)

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карбинци (за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“, с. Карбинци)

48. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (таблети)

49. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (таблети)

50. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (таблети)

51. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (таблети)

52. Предлог-решение за изменување на Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа

53. Годишна програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2023 година

54. Иницијатива од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.131/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 став (2) во делот „во рок од три дена“ од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани за справување со енергетската криза („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.246/22)

55. Иницијатива од Игорчо Точев, од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.128/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 став 3 во делот „Советот на“ од Законот за дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21)

56. Иницијатива од адвокат Аце Николов од Велес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.126/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.239/22)

57. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.118124 КО Кисела Вода 2, 1/3 идеален дел од КП бр.5866/1 и Имотен лист бр.49276 за КО Кисела Вода 2, 2/6 идеален дел од КП бр.5866/2, викано место/улица „Г. Лисиче“ 168

58. Понуда од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот кој претставува 280/356 идеален дел од КП бр.2461 со Имотен лист бр.4817 и Имотен лист бр.25407 за КО Сингелиќ-1

59. Кадровски прашања

60. Прашања и предлози

61. Информација за учеството на Република Северна Македонија во НАТО Процесот на одбранбено планирање во периодот јули-декември 2022 година

62. Извештај за работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје во период од 1.7.2022 година до 30.9.2022 година

63. Тримесечен извештај за работа на М-НАВ А.Д. Скопје за периодот јули-септември 2022 година

64. Финансиски план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2023 година

65. Полугодишен извештај за работа на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија, за периодот јануари-јуни 2022 година

66. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „Даноците за животната средина во функција на ефективно спроведување на политиките за заштита на животната средина"

67. Информација за воспоставување на Систем за следење и контрола на тутунски производи и Систем на следење и контрола на нафта и нафтени деривати со препораки за начинот на имплементација во Република Северна Македонија

68. Барање за давање на автентично толкување на член 66 став 3 од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија". бр.203/22), поднесено од пратеникот Бедри Фазли

69. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплови на вооружените сили на партнерите од НАТО сојузот (САД, Република Италија, Кралство Шпанија и Република Франција) на Армискиот полигон „Криволак", со Предлог-одлука

70. Информација за потребата од формирање на проектна единица за спроведување на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија, во состав на Јавното претпријатие за државни патишта

71. Информација во врска со имплементацијата на инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII"

72. Информација за оправданоста на барањето за вработување во ЈП за стопанисување со пасишта-Скопје

73. Информација за висината на потребните дополнителни финансиски средства за кофинансирање на големиот ИПА проект „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Кичево"

74. Информација за одржување на Четвртата седница на Комитетот за преговори за склучување на Договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија

*
*    *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 124-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 февруари 2023 година.

*
*    *

**Пред преминување на Дневен ред:**

**Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

**Информација за почеток на анализа на ЕУ мерките презентирани на објаснувачките состаноци од страна на Европската комисија**

Владата ја разгледа Информацијата за почеток на анализа на ЕУ мерките, презентирани на објаснувачките состаноци од страна на Европската комисија, ја усвои Информацијата и го задолжи Секретаријатот за европски прашања во рок од пет дена да ги достави прегледот на ЕУ мерки за секој кластер/област/поглавје до секој координатор на кластер и до секоја институција носител на област/поглавје (Анекс 1) и Насоките за анализа на ЕУ мерки презентирани на објаснувачките состаноци (Анекс 2).

**Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 9 Финансиски услуги од Кластер 2 Внатрешен пазар**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 9 Финансиски услуги на капитал од Кластер 2 Внатрешен пазар, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 9 Финансиски услуги при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

**Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 28 Заштита на потрошувачите и јавно здравје од Кластер 2 Внатрешен пазар на 1 и 2 март 2023 година во Брисел**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 28 Заштита на потрошувачите и јавно здравје од Кластер 2

Внатрешен пазар на 1 и 2 март 2023 година во Брисел, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 28 Заштита на потрошувачите и јавно здравје при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

**Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 2 Слободно движење на работници, од Кластер 2 Внатрешен пазар на 3 март 2023 година, во Брисел**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 2 Слободно движење на работници, од Кластер 2 Внатрешен пазар на 3 март 2023 година, во Брисел и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да номинира претставници кои ќе учествуваат на состанокот на билатералниот скрининг за Поглавје 2 Слободно движење на работници, најдоцна до 17 февруари 2023 година.

3. Се задолжува Работната група за Поглавје 2 Слободно движење на работници при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

**Информација за соработка за прашања од областа на европската интеграција помеѓу Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за европска интеграција на Владата на Република Србија, со усогласен текст на Меморандум**

Владата ја разгледа Информацијата за соработка за прашања од областа на европската интеграција помеѓу Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за европска интеграција на Владата на Република Србија, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка за прашања од областа на европската интеграција помеѓу Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за европска интеграција на Владата на Република Србија.

2. Се овластува м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за соработка за прашања од областа на европската интеграција помеѓу Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за европска интеграција на Владата на Република Србија.

**Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2023 година-30 јуни 2023 година, со Барањето на Министерството за финансии за бришење на Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за одржлив развој на општините**

Владата ја разгледа Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2023 година-30 јуни 2023 година, со Барањето на Министерството за финансии за бришење на Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за одржлив развој на општините и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја прифати Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2023 година-30 јуни 2023 година, со заклучок да се измени согласно Барањето на Министерството за финансии за бришење на Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за одржлив развој на општините, поради што, во договор со Меѓународната банка за обнова и развој, е одложено одобрувањето на овој заем, за идниот период, наместо во 2023 година.

2. Изменетиот текст на Законодавната агенда да се достави до Собранието на Република Северна Македонија врз основа на член 185 став (1), член 60 став (1) алинеја 6 и член 64 ставови (4) и (5) од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а во врска со член 4 став (1) точки 11 и 13, член 11 став (2), член 20 став (10), член 24 и член 103-а од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од Законодавната агенда.

**Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција**

Владата ја разгледа Информацијата за „Формирање на работна група за подготовка на нов закон за спорт“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда во координација со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење и Агенцијата за млади и спорт во рок од седум дена да формира работна група за подготовка на нов закон за спорт.

2. Работната група да биде раководена од директорот на Агенцијата за млади и спорт, а секретар да биде претставник од Министерството за правда.

3. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, Министерството за правда, Министерството за финансии, Агенцијата за млади и спорт и Државната комисија за спречување на корупцијата, да номинираат членови и заменици на членовите во работната група.

4. Се задолжува Министерството за правда во координација со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење и Агенцијата за млади и спорт во рок од три месеци да подготви Предлог на закон за спорт.

5. Се задолжува Министерството за правда да биде подносител на новото законско решение.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за барање за давање на стопанисување, користење и одржување на паркинг просторот за организирање на паркирање во Комплекс клиники „Мајка Тереза“-Скопје, сопственост на Република Северна Македонија на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, поради потребата Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски и Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, да подготват и до Владата да достават соодветен усогласен предлог за надминување на ова прашање.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.1/1 КО Мралино ул. „Војни објект“ во Скопје).

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У81/20-2 (КП 1/1, КО Мралино).

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/ или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 6**

Владата по Статутарната одлука за изменување на Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот.

**Точка 7**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за продажба на деловни простории дадени на трајно користење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје.

2. Одлуката за продажба на деловни простории во сопственост на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за висината на трошоците за изработување на условите за планирање на просторот.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-планот за имплементација на навигација заснована на перформанси, поради потребата предлагачот да обезбеди мислење по истиот од ТАВ Македонија.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправна установа Казнено-поправен дом Прилеп.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Доброволната планинска спасителска служба Осогово.

**Точка 12**

Владата по Барањето согласност на Деловник за работа на Совет за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Деловникот за работа на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 13**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија за 2023 година и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 14

Владата по Барањето согласност на Годишна програма за работа на Совет за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија за 2023 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 15

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2023 година.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.9.2022 година, со Прилог-образец за акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда-Управа за извршување на санкции, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, а се укажува на Градот Скопје, Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие Водовод и канализација-Скопје, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС Злетовица-Пробиштип, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, да подготват акциски план по дадениот Образец со статус, заклучно со 31.3.2023 година за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори и истиот да биде доставен до Министерството за финансии, најдоцна до 15.4.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии до 20.4.2023 година да подготви и до Владата да достави Информација врз основа на добиените акциски планови од институциите наведени во Заклучокот бр.1.

3. Се укажува на Градот Скопје во рок од пет дена до Владата да подготви и достави информација по однос на активностите кои ги спроведува за исполнување на своите обврски утврдени во склучените договори со Европската инвестициона банка и Европската банка за обнова и развој, како и Договорот за имплементација на проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје" склучен со Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање и Јавното претпријатие Водовод и канализација-Скопје (со посебен осврт на процесот на експропријација) и со приложување на планирана временска динамика за завршување на истите.

4. Се укажува на Градот Скопје во рок од пет дена до Владата да подготви и достави информација по однос на тоа дали и кои активности ги презема за спроведување на проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје", како и да приложи планирана временска динамика за спроведување на проектот.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата по Барање за регулирање на долг бр.11-9160/3 од 17.11.2022 година, поднесено од Јавно комунално претпријатие „Никола Карев"-Пробиштип, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да склучи Договор за регулирање на долг со должникот Јавно комунално претпријатие „Никола Карев"-Пробиштип и со гарантот Општина Пробиштип, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг во вкупен износ од 1.159.711,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народна банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на пет еднакви месечни рати почнувајќи од 1 март 2023 година.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведувањето на проектот за изработка на Националниот регистар за подземни води на Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство-Управата за хидрометеоролошки работи, Министерството за економија и му укажува на Институтот за јавно здравје во рок од 15 дена да ги достават потребните податоци за потребите на Националниот регистар за подземни води на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви активности кои се потребни за целосно функционирање на системот, а кои не се покриени во рамките на овој проект, со цел

да се вклучат во Проектна апликација за Зелениот климатски фонд и да ги достави до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции во рок од седум дена.

**Точка 19**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за одржан состанок и ротација на претседателството на Меѓудржавниот комитет за управување со сливот на Охридското Езеро помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија и Предлог-решение за назначување на членови на Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија и член на Секретаријатот на Комитетот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 20**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за проектот „Дигитален асистент за потребите на програмите за државна помош на Владата на Република Северна Македонија"-државна помош.

Истовремено, се задолжуваат сите органи на државната управа кои имаат интерес да бидат дел од проектот „Дигитален асистент за потребите на програмите за државна помош на Владата на Република Северна Македонија"-државна помош, да подготват и до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да доставaт предлози за областите/услугите кои ги нудат на порталот uslugi.gov.mk, а кои може да се вклучат во овој проект.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на работна група за Развој на информациски систем за управување со државна помош (SAMIS), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на работна група за развој на информациски систем за управување со државна помош, со заклучок текстот на материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 22**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за склучување на Меѓународен договор помеѓу Европската Унија, од една страна и Република Северна Македонија, од друга страна, за учеството на Република Северна

Македонија во програмата на Унијата, Програма за единствен пазар 2021-2027, со текст на Меѓународен договор и анекси и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меѓународниот договор помеѓу Европската Унија, од една страна и Република Северна Македонија, од друга страна, за учеството на Република Северна Македонија во програмата на Унијата, Програмата за единствен пазар.

2. Го определи м-р Крешник Бектеши, министер за економија, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Меѓународниот договор помеѓу Европската Унија, од една страна и Република Северна Македонија, од друга страна, за учеството на Република Северна Македонија во програмата на Унијата, Програмата за единствен пазар.

3. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни средства за исплата на националното годишно кофинансирање за 2023 година, со ребаланс во рамки на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, раздел 1001 Министерство за економија.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Кара Тарла“ с.Шашаварлија, Општина Карбинци.

**Точка 24**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Меѓународната спогодба за размена на податоци за проверка на изјави за имотна состојба, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик министер за правда, а за повереници Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и Тања Кикерекова, раководител на сектор во Министерството за правда.

*
* *

Владата по Предлогот на закон за ратификација на Меѓународната спогодба за размена на податоци за проверка на изјави за имотна состојба, утврден на 129-та седница, на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 февруари

2023 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, ги определи д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, а за повереници Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и Тања Кикерекова, раководител на сектор во Министерството за правда.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведувањето на одлуките на Советот на Европската Унија во врска со рестриктивни мерки во поглед на случувањата во Украина кон кои Република Северна Македонија редовно се придружува и ја усвои со следниот заклучок:

-Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија и Министерство за финансии-Царинската управа, заради доследна примена на Законот за рестриктивни мерки да направат дополнителни интерни проверки и консултации за спроведување на рестриктивните мерки кон Руската Федерација од страна на македонската компанија (од Информацијата) и за тоа повратно да го известат МНР/Координативното тело, во рок од 15 дена.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивна мерка против физички лица вклучени во активности на помагање и финансирање тероризам во странство согласно барањето од надлежен орган на Соединетите Американски Држави.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2369 на Советот од 3 декември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/2367 на Советот од 3 декември 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр.833/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2376 на Советот од 5 декември 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2374 на Советот од 5 декември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998

за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање Меѓуресорска комисија за спроведување на политиката за упатување лица од Република Македонија во меѓународни мисии и меѓународни организации и за упатување на лица во меѓународни мисии и меѓународни организации.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за пристапување на Република Северна Македонија кон Конвенцијата за меѓународни изложби, потпишана во Париз на 22 ноември 1928 година, изменета и дополнета со протоколи од 10 мај 1948 година, 16 ноември 1966 година и 30 ноември 1972 година и дополнувања од 24 јуни 1982 година и од 31 мај 1988 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за пристапување на Република Северна Македонија кон Конвенцијата за меѓународни изложби, потпишана во Париз на 22 ноември 1928 година, изменета и дополнета со протоколи од 10 мај 1948 година, 16 ноември 1966 година и 30 ноември 1972 година и дополнувања од 24 јуни 1982 година и од 31 мај 1988 година.

**Точка 31**

Владата го разгледа Годишниот извештај за учеството на припадници на Армијата и вработените во Министерството за одбрана во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност надвор од територијата на Република Северна Македонија во 2022 година, го усвои и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО во Република Бугарија.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за иницирање постапка и испитување на условите за пристапување кон Центарот за извонредност за кооперативна сајбер одбрана (CCDCOE) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги прифати:

-Пристапната нота за Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за учество во Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Естонија, министерот за одбрана на Кралството Белгија, Министерството за одбрана на Република Бугарија, Националното министерство за одбрана на Канада и Канадските вооружени сили, Министерството за одбрана на Република Хрватска, Националниот безбедносен авторитет на Република Чешка, Министерството за одбрана на Данска, министерот за одбрана на Француската Република, Сојузното министерство за одбрана на Сојузна Република Германија, Министерството за национална одбрана на Република Грција, Министерството за одбрана на Унгарија, Министерството за одбрана на Италијанската Република, Министерството за одбрана на Република Латвија, Министерството за национална одбрана на Република Литванија, министерот за одбрана на Големото Војводство на Луксембург, Министерството за одбрана на Црна Гора, министерот за одбрана на Кралството Холандија, Министерството за одбрана на Кралството Норвешка, министерот за национална одбрана на Република Полска, министерот за национална одбрана на Португалија, Министерството за национална одбрана на Романија, Министерството за одбрана на Словачката Република, Министерството за одбрана на Република Словенија, министерот за одбрана на Кралството Шпанија, Генералштабот на Република Турција, Министерството за одбрана на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Министерството за одбрана на Соединетите Американски Држави, како и Врховната сојузничка команда за трансформација, во врска со функционалните врски во рамките на НАТО Центарот за извонредност за кооперативна сајбер одбрана и

-Пристапната нота за Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за учество во Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Естонија, министерот за одбрана на Кралството Белгија, Министерството за одбрана на Република Бугарија, Националното министерство за одбрана на Канада и Канадските вооружени сили, Министерството за одбрана на Република Хрватска, Националниот безбедносен авторитет на Република Чешка, Министерството за одбрана на Данска, министерот за одбрана на Француската Република, Сојузното министерство за одбрана на Сојузна Република Германија, Министерството за национална одбрана на Република Грција, Министерството за одбрана на Унгарија, Министерството за одбрана на Италијанската Република, Министерството за одбрана на Република Латвија, Министерството за национална одбрана на Република Литванија, министерот за одбрана на Големото Војводство на Луксембург, Министерството за одбрана на Црна Гора, министерот за одбрана на Кралството Холандија, Министерството за одбрана на Кралството Норвешка, министерот за национална одбрана на Република Полска, министерот за национална одбрана на Португалија, Министерството за национална одбрана на Романија, Министерството за одбрана на Словачката Република, Министерството за одбрана на Република Словенија, министерот за одбрана на Кралството Шпанија, Генералштабот на Република Турција (во име на Владата на Република Турција), Министерството за одбрана на Обединетото Кралство на Велика Британија и

Северна Ирска, и Министерството за одбрана на Соединетите Американски Држави, во врска со формирањето, управувањето и работата на НАТО Центарот за извонредност за кооперативна сајбер одбрана.

-Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за одбрана на Република Естонија, Сојузното Министерство за одбрана на Сојузна Република Германија, Министерството за одбрана на Италијанската Република, Министерството за одбрана на Република Латвија, Министерството за национална одбрана на Република Литванија, Министерството за одбрана на Словачката Република, министерот за одбрана на Кралството Шпанија и Командата, Врховниот командант на сојузничките сили за трансформација во врска со функционалниот однос во врска со Центарот за извонредност за кооперативна сајбер одбрана и

-Вториот амандман на Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за одбрана на Република Естонија, Сојузното Министерство за одбрана на Сојузна Република Германија, Министерството за одбрана на Унгарија, Министерството за одбрана на Италијанската Република, Министерството за одбрана на Република Латвија, Министерството за национална одбрана на Република Литванија, министерот за одбрана на Кралството Холандија, министерот за национална одбрана на Република Полска, Министерството за одбрана на Словачката Република, министерот за одбрана на Кралството Шпанија и Министерството за одбрана на Соединетите Американски Држави во врска со воспоставувањето, управувањето и работата на Центарот за извонредност за кооперативна сајбер одбрана.

2. Се овластува Славјанка Петровска, министер за одбрана на Република Северна Македонија, да ги потпише:

-Пристапната нота за Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за учество во Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Естонија, министерот за одбрана на Кралството Белгија, Министерството за одбрана на Република Бугарија, Националното министерство за одбрана на Канада и Канадските вооружени сили, Министерството за одбрана на Република Хрватска, Националниот безбедносен авторитет на Република Чешка, Министерството за одбрана на Данска, министерот за одбрана на Француската Република, Сојузното министерство за одбрана на Сојузна Република Германија, Министерството за национална одбрана на Република Грција, Министерството за одбрана на Унгарија, Министерството за одбрана на Италијанската Република, Министерството за одбрана на Република Латвија, Министерството за национална одбрана на Република Литванија, министерот за одбрана на Големото Војводство на Луксембург, Министерството за одбрана на Црна Гора, министерот за одбрана на Кралството Холандија, Министерството за одбрана на Кралството Норвешка, министерот за национална одбрана на Република Полска, министерот за национална одбрана на Португалија, Министерството за национална одбрана на Романија, Министерството за одбрана на Словачката Република, Министерството

за одбрана на Република Словенија, министерот за одбрана на Кралството Шпанија, Генералштабот на Република Турција, Министерството за одбрана на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Министерството за одбрана на Соединетите Американски Држави, како и Врховната сојузничка команда за трансформација, во врска со функционалните врски во рамките на НАТО Центарот за извонредност за кооперативна сајбер одбрана и

-Пристапната нота за Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за учество во Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Естонија, министерот за одбрана на Кралството Белгија, Министерството за одбрана на Република Бугарија, Националното министерство за одбрана на Канада и Канадските вооружени сили, Министерството за одбрана на Република Хрватска, Националниот безбедносен авторитет на Република Чешка, Министерството за одбрана на Данска, министерот за одбрана на Француската Република, Сојузното министерство за одбрана на Сојузна Република Германија, Министерството за национална одбрана на Република Грција, Министерството за одбрана на Унгарија, Министерството за одбрана на Италијанската Република, Министерството за одбрана на Република Латвија, Министерството за национална одбрана на Република Литванија, министерот за одбрана на Големото Војводство на Луксембург, Министерството за одбрана на Црна Гора, министерот за одбрана на Кралството Холандија, Министерството за одбрана на Кралството Норвешка, министерот за национална одбрана на Република Полска, министерот за национална одбрана на Португалија, Министерството за национална одбрана на Романија, Министерството за одбрана на Словачката Република, Министерството за одбрана на Република Словенија, министерот за одбрана на Кралството Шпанија, Генералштабот на Република Турција (во име на Владата на Република Турција), Министерството за одбрана на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Министерството за одбрана на Соединетите Американски Држави, во врска со формирањето, управувањето и работата на НАТО Центарот за извонредност за кооперативна сајбер одбрана.

-Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за одбрана на Република Естонија, Сојузното Министерство за одбрана на Сојузна Република Германија, Министерството за одбрана на Италијанската Република, Министерството за одбрана на Република Латвија, Министерството за национална одбрана на Република Литванија, Министерството за одбрана на Словачката Република, министерот за одбрана на Кралството Шпанија и Командата, Врховниот командант на сојузничките сили за трансформација во врска со функционалниот однос во врска со Центарот за извонредност за кооперативна сајбер одбрана.

-Вториот амандман на Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за одбрана на Република Естонија, Сојузното Министерство за одбрана на Сојузна Република Германија, Министерството за одбрана на Унгарија, Министерството за одбрана на Италијанската Република, Министерството за одбрана на Република Латвија, Министерството за национална одбрана на Република Литванија,

министерот за одбрана на Кралството Холандија, министерот за национална одбрана на Република Полска, Министерството за одбрана на Словачката Република, министерот за одбрана на Кралството Шпанија и Министерството за одбрана на Соединетите Американски Држави во врска со воспоставувањето, управувањето и работата на Центарот за извонредност за кооперативна сајбер одбрана, до 15 декември 2023 година.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права Исеини против Република Северна Македонија А.бр.35172/22, Лиманов против Северна Македонија А.бр.37064/22 и Лазарески против Северна Македонија А.бр.46627/22 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права, да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права Исеини против Република Северна Македонија А.бр.35172/22, Лиманов против Северна Македонија А.бр.37064/22 и Лазарески против Северна Македонија А.бр.46627/22.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата на апликантите од предметите Исеини против Република Северна Македонија А.бр.35172/22, Лиманов против Северна Македонија А.бр.37064/22 и Лазарески против Северна Македонија А.бр.46627/22 ќе им исплати вкупен износ од 5.700 евра во денарска противвредност, односно на апликантот Африм Исеини А.бр.35172/22 износ од 400 евра, на апликантот Бајрам Лиманов А.бр.37064/22 износ од 3.300 евра и на апликантот Љупчо Лазарески А.бр.46627/22 износ од 2.000 евра.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај апликантите од предметите Исеини против Република Северна Македонија А.бр.35172/22, Лиманов против Северна Македонија А.бр.37064/22 и Лазарески против Северна Македонија А.бр.46627/22 да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите, да изрази еднострани декларации, да ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметите да му понуди на секој апликант поединечно износ, кој е за 10% понизок од износот кој е предложен од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Б.И. против Северна Македонија А.бр. 22849/20,

со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година кои треба веднаш да бидат исплатени согласно одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Б.И. против Северна Македонија А. бр. 22849/20.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Јосифовски против Северна Македонија А.бр.29911/15, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

Финансиските средства во вкупен износ од 3.500 евра во денарска противвредност да бидат исплатени согласно Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Јосифовски против Северна Македонија А.бр.29911/15, најдоцна до 20 февруари 2023 година.

**Точка 37**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за ЕУ практики за олеснети процедури за добивање дозволи за градење на електронски комуникациски мрежи со многу големи капацитети.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за Четвртиот годишен извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022) за периодот јануари-декември 2021 година, со Годишен извештај и го усвои Годишниот извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022), за периодот јануари-декември 2021 година.

**Точка 39**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Ирена Барбара Ставови Кавка, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, по член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија за наредната седница на Владата поради потребата Институтот за национална историја да достави мислење по истото.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Компјутерски науки и инженерство“ на Факултет за информатика, при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Компјутерски науки и инженерство“, на Факултет за информатика, при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Одлуката на Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената при Организацијата на обединетите нации, ја усвои и ги задолжи Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство, во рок од три месеци, да достават писмен одговор до Владата, во кој ќе бидат содржани преземените активности, во контекст на сите согледувања и препораки на Комитетот.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карбинци (мебел за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“, с.Карбинци).

**Точка 43**

Владата ги донесе:
1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Ѓорче Петров“).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Јоаким Крчоски“, с.Волково).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Мирче Ацев“).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Тихомир Милошевски“).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски“).

**Точка 44**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (мебел за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“, с. Миладиновци-Илинден).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (мебел за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, н. Илинден Илинден).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (мебел за потребите на ООУ „Ристо Крле“, Кадино-Илинден).

**Точка 45**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (за потребите на ООУ „Али Фетхи Окјар“, с. Дебреште, Долнени).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“, с. Црнилиште, Долнени).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (за потребите на ООУ „Лирија“, с. Житоше, Долнени).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (за потребите на ООУ „Мирче Ацев“, с. Лажани, Долнени).

**Точка 46**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“, Гостивар).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Прпарими“, с. Чегране, Гостивар).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Фаик Коница“, с. Дебреше, Гостивар.).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Форино“, с. Форино, Гостивар).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“, Гостивар).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Гостивар).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Единство“, Долнени, Гостивар).

## Точка 47

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карбинци (за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“, с.Карбинци).

## Точка 48

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Тихомир Милошевски“, Скопје).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Ѓорче Петров“-Ѓорче Петров-Скопје).

3.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Мирче Ацев“-Скопје, Општина Ѓорче Петров).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“, Скопје).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски“, Скопје).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Јоаким Крчоски“, с. Волково, Скопје).

## Точка 49

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (за потребите на ООУ „Ристо Крле“, Кадино-Илинден).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“, с. Миладиновци-Илинден).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, н. Илинден, Илинден).

## Точка 50

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (за потребите на ООУ „Пере Тошев“, с. Дупјачани, Долнени).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (за потребите на ООУ „Пецо Даскалот“, с. Долнени).

3.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“, с. Црнилиште, Долнени).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (за потребите на ООУ „Лирија“, с. Житоше, Долнени).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (за потребите на ООУ „Мирче Ацев“, с. Лажани, Долнени).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (за потребите на ООУ „Али Фетхи Окјар“, с. Дебреште, Долнени).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (за потребите на ООУ „Ѓорче Петров“, с. Ропотово, Долнени).

## Точка 51

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Форино“, с. Форино, Гостивар).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ОУ„Чајла“, с. Чајле, Гостивар).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Лириа“, с. Вруток, Гостивар).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“, Гостивар).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Прпарими“, с. Чегране, Гостивар).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Фаик Коница“, с. Дебреше, Гостивар).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Гостивар).

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Ѓон Бузуку“, с. Србиново, Гостивар).

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Единство“, Гостивар).

10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“, Гостивар).

## Точка 52

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа.

## Точка 53

Владата ја разгледа Годишната програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2023 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 9 точка 2 од Законот за државната ревизија, главниот државен ревизор е надлежен за донесување на годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија. Предметната програма дава осврт на активностите кои е предвидено да се реализираат во текот на 2023 година, а во насока на реализација на стратешките цели на државната ревизија во Република Северна Македонија.

Согласно член 23 став 2 од Законот за државната ревизија, Државниот завод за ревизија ја доставува Годишната програма за работа до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до декември во тековната година за наредната година, заради информирање.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година.

Точка 54

Владата ја разгледа Иницијативата од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.131/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 став (2) во делот „во рок од три дена" од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани за справување со енергетската криза („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.246/22) и притоа го утврди следново:

Со поднесената Иницијативата, се бара поништување на членот 6 став (2) од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани за справување со енергетската криза во делот „во рок од три дена", а како причина се наведува дека определениот рок за приговор го попречува остварувањето на целта на Законот и е недоволен за граѓаните да извршат проверка дали се наоѓаат на објавените списоци на корисници на финансиска поддршка, така што не можат да го остварат ова право во следните четири месеци, што е во спротивност со член 8 став 1, член 15, член 34, член 35 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Правна основа за донесување на Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани за справување со енергетската криза се одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и тоа член 34, со која одредба е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор и член 35, со која одредба е уредено дека Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност, им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани, им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Со Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза се предвидуваат антикризни мерки за помош на ранливи категории на граѓани во вид на финансиска поддршка, со што се овозможува социјалната праведност за оваа категорија на граѓани, владеење на правото и не се ограничуваат слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Со член 2 од овој закон, како корисници на финансиска поддршка, се утврдени следните категории на социјално ранливи граѓани: корисници на право на социјална сигурност на стари лица, корисници на посебен додаток, корисници на правото на надоместок заради попреченост, со попреченост и трајни промени во здравствената состојба, кои користат надоместок за помош и нега од друго лице, а не користат право на надоместок заради попреченост, без потреба од контролен преглед, самохрани родители кои се евидентирани корисници на гарантирана минимална помош, корисници на право на пензија во висина до 14.000 денари, корисници на право на надоместок за телесно оштетување и невработени лица-корисници на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок.

Со член 5 став (1) од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза, е утврдено дека средствата за финансиска поддршка во висина и во период утврден во Законот се исплаќаат како паричен износ на трансакциската сметка на корисникот на финансиската поддршка и тоа: за корисниците од членот 2 став (1) алинеи 1, 2, 3, 4 и 5 од овој закон од средствата на Министерството за труд и социјална политика, согласно со податоците од евиденцијата на центрите за социјална работа, за корисниците од членот 2 став (1) алинеи 6 и 7 од овој закон од средствата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, согласно со податоците од евиденцијата на Фондот, за корисниците од членот 2 став (1) алинеја 8 од овој закон од средствата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, согласно со податоците од евиденцијата на Агенцијата.

Во ставот (2) од член 5 од Законот е утврдено дека исплатата на финансиската поддршка за корисниците од членот 2 од овој закон ќе се врши без поднесување на барање од страна на корисниците, врз основа на списоци на корисници на финансиска поддршка, изработен врз основа на податоците од евиденциите на институциите од ставот (1) на овој член.

Во ставот (3) од член 5 од Законот е утврдено дека на веб-страницата на Министерството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија се објавуваат списоци на корисниците на финансиската поддршка најдоцна до петти во месецот и датумот кога ќе се врши исплатата на финансиската поддршка.

Со член 8 став (1) од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза е утврдено дека финансиската поддршка ќе се исплаќа на корисници на правата од членот 2 од овој закон, започнувајќи од наредниот месец од денот на влегувањето во сила на овој закон, во траење од четири последователни месеци.

Со цитираните одредби од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза се овозможува исплата

на финансиската поддршка, согласно податоците од Министерството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, без поднесување на барање од страна на корисниците.

Списокот на корисници на финансиска поддршка се објавува со цел граѓаните да можат да извршат проверка и доколку лицето не е на списокот, а смета дека ги исполнува условите за добивање на финансиска поддршка, да може да поднесе приговор до Комисијата за одлучување по приговори за финансиска поддршка при Министерството за труд и социјална политика, во рок од три дена од денот на објавувањето на списоците на корисници на финансиската поддршка, согласно член 6 став (2) од овој закон. На овој начин се овозможува да се направи исправка за секое лице кое не е во списокот, да добие финансиска поддршка, доколку ги исполнува условите согласно Закон, констатирано по извршената проверка во соодветната евиденција на институциите.

Во Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 став (2) од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани за справување со енергетска криза, во делот „во рок од три дена", погрешно се наведени причините дека изоставување од списокот на корисници на финансиска поддршка значи неостварување на право на исплата на истата во следните четири месеци, со оглед дека во член 5 во ставот (3) е утврдено дека на веб-страницата на Министерството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, се објавуваат списоците на корисниците на финансиска поддршка најдоцна до петти во месецот и датумот кога ќе се врши исплатата на финансиската поддршка врз основа на службените евиденции кои ги водат институциите за корисници на права по кој основ се стекнуваат со финансиска поддршка согласно условите предвидени во Законот.

Врз основа на наведените аргументи и факти, а имајќи предвид дека Законот е со времен карактер од четири месеци од денот на донесувањето и има за цел надминување на енергетска криза сметаме дека рокот од три дена за поднесување на приговорот за остварување на финансиска поддршка е доволен за да се изврши проверка во објавениот список на корисници на финансиска поддршка, за да се побара исправка на евентуален пропуст во истиот. Исто така, Министерството за труд и социјална политика и другите вклучени институции, предвреме ги известуваат граѓаните за датумот на објавување на списоците на корисници на паричните средства за финансиска поддршка за справување со енергетската криза и датумот за исплата на финансиската поддршка.

Имајќи го предвид претходно наведеното, член 6 став (2) од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани за справување со енергетската криза („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.246/22), не е во несогласност со член 8 став 1, член 15, член 34, член 35 и член 51

став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата од Славко Лазовски од Скопје, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 став (2) во делот „во рок од три дена“ од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани за справување со енергетската криза („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.246/22).

**Точка 55**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев, од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.128/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 став 3 во делот „Советот на“ од Законот за дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на делот „Советот на” од членот 2 став 3 од Законот за дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21), од причина што подносителот на Иницијативата смета дека оваа одредба е спротивна на одредбите од член 8 став 1 алинеја 3, член 51 став 1, како и член 60 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Според подносителот на Иницијативата, зборот „Советот на“ од член 2 став 3 од Законот за дополнување на Законот за облигационите односи, не е во согласност со уставниот поредок на Република Северна Македонија од причина што, како што е наведеното во Иницијативата, Законот за Народната банка на Република Северна Македонија има предимство пред другите закони, а согласно членот 47 став (1) точка 24) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, меѓу останатите овластувања и задачи, Советот врши други работи утврдени со тој закон, поради што основано би можело да се постави прашањето на согласноста на оспорениот дел „Советот на“ од членот 2 став 3 од Законот за дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21), со одредбите од Уставот.

Поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Според член 2 став 3 од Законот за дополнување на Законот за облигационите односи, одлука за прогласување на година на ниска (до 3%), умерена (од над 3% до 50%) или висока инфлација (над 50%) донесува Советот на Народната банка на Република Северна Македонија.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото.

Согласно член 51 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Согласно член 60 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија, организацијата и работата на Народната банка се уредуваат со закон.

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на слободите и правата на граѓаните, а во случај на евентуална повреда на некое субјективно право на граѓанинот, да се обезбеди заштита пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност, а чија правна основа произлегува од Уставот и законите.

Поаѓајќи од начелата на облигационото право, се согледува дека начелото на совесност и чесност има особено значење при толкување на непотполните и нејасните одредби на правните дела. Конкретно, толкувањето врз основа на совесност и чесност во смисла на урамнотежување на интересите на договорните страни доаѓа до израз при толкување на општите услови на работењето кои паѓаат на товар на оној што ги истакнал. Законодавецот предвидел и постоење на начело за забраната за злоупотреба на правото, од причина што субјективното право што му припаѓа на секој поединец претставува инструмент за задоволување на интересите и поаѓајќи од наведеното, титуларот постапува според својата волја и во таква своеволност, всушност, се покажува врската меѓу субјективните права и човековите слободи. Следствено на тоа, преку остварување на содржината на некое право неговиот титулар наидува на извесни позитивно-правни граници, било тоа да произлегуваат од субјективни права на други лица или да се права кои според позитивното право се заштитени јавни интереси. Од таа причина произлегува ова начело, особено кога титуларот го остварува правото спротивно на целта заради која е со закон воспоставено или признаено или причинува штета на друг. Средствата за заштита од злоупотреба на правото во граѓанското право, со кои засегнатото лице се штити против туѓите посегнувања во неговото право или со закон заштитени интереси се тужба и приговор.

Учесниците во правниот промет слободно го уредуваат облигациониот однос, а тоа значи дека постои една помала или поголема област во која волјата на учесниците формално, слободно се движи и се определува со одредени ограничувања, што се изразува со мислата дека облигационите односи се уредуваат во согласност со Уставот и законите. Ваквите граници на слободата на уредувањето на облигационите односи, поставени се во материјата кај недозволеноста на предметот и основот на договорната обврска, кај ништовноста на договорите, како

и кај недозволените услови на договорот. Но, слободата не е апсолутна, туку се движи во одредени граници кои што не секогаш се поставуваат произволно од страна на законодавецот. Во таа смисла е и слободата на страните сами да одлучат за засновање на еден облигационо-правен однос, да одлучат со кого тие ќе го засноваат, со каков вид на договор и со каква содржина и во која форма ќе го склучат, а тоа да движи во рамките на Уставот и законите.

Во поглед на казнената и договорната камата, тие детално се регулирани со постојниот Закон за облигационите односи.

Договорната казна претставува со договор определен паричен износ или некоја друга материјална корист за која должникот се обврзува да му ја плати на доверителот, односно да му ја прибави на доверителот во следните случаи:
-ако не ја исполни својата обврска
-ако задоцни со нејзино исполнување.

Договорната казна има две функции:

1. Таа претставува средство за исполнување на обврската (без оглед дали настапила или не настапила некоја штета за доверителот, должникот треба да ја плати според условите и претпоставките содржани во договорот) и

2. Таа претставува средство на надоместување на штетата која може да настане во случај на повреда на должниковата обврска (договорната казна го ослободува доверителот да води долготрајни процеси и парници докажувајќи дека претрпел штета и во колкава мера. На овој начин со договарање на договорната казна, доволно е доверителот да докаже дека должникот ја повредил договорната обврска и врз основа на тоа да бара наплата на договорната казна без да докажува колкава штета претрпел, но од друга страна пак доколку доверителот претрпел некаква штета, а таа ја надминува висината на договорната казна, во тој случај може да бара и разлика до целосниот надомест на штета).

Со договорната казна може да се обезбеди секоја обврска без оглед на изворот од кој таа потекнува, освен за парични обврски бидејќи законот пропишува дека за парични обврски следува законска казнена камата.

Казнена камата-должникот кој ќе задоцни со исполнување на парична обврска, долгува покрај главниот долг и казнена камата по стапката утврдена со закон. Покрај тоа, доверителот има право на казнена камата без оглед на тоа дали претрпел штета поради должниковото задоцнување. Каматата всушност претставува цена која се плаќа за употребата на пари или за други заменливи предмети без тие да му се ставени некому на располагање или некој ги користи и без договор. Тој што должи камата не мора парите навистина да ги користи, доволно е да е во можност да ги користи или на некој начин, со неизвршување на својата обврска да спречи друго лице да ги користи.

За разлика од договорната камата, кај која обврската за плаќање на каматата и нејзината висина се определени со договор меѓу страните, обврската за плаќање кај казнената камата и нејзината висина се определуваат со закон и служи како санкција за ненавремено исполнување на обврската што со закон е предвидена со оглед на природата на парите како предмет на долгот.

Во поглед на договорната камата направени се интервенции во максималната висина на каматната стапка која што може да се определи со договор. Во таа насока е и измената во Законот која влезе во сила наредниот месец од донесувањето, со која е предвидено каматата на неплатениот долг да престане да расте кога ќе го достигне износот на главнината, односно каматата повеќе не смее да биде повисока од износот на долгот. Така, во член 389-а од Законот за облигационите односи се уреди: „Кога износот на стасаната, а неисплатена договорна камата ќе го достигне износот на главнината, каматата престанува да тече".

Имајќи го предвид наведеното, законодавецот јасно ги поставил основите за определување на стапката на договорната камата. Имено, стапката на договорната камата страните договорно ја определуваат, но постои лимит кога престанува каматата да тече. Со оглед на одредбата од член 268 од Законот за облигационите односи, дека на стасаната, а неисплатена договорна или затезна камата, не може да се договори да тече затезна камата, со одредбата од член 389 дадена е можност да се договори стапката на каматата да се зголеми доколку должникот не ја исплати стасаната камата навреме, но со единствено ограничување, истата да престане да тече кога ќе го досигне износот на главнината. Со членот 2 од Законот за дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.215/21), се нагласува економската суштина на инфлацијата како вишок на агрегатната побарувачка, а од друга страна се потврдува дека пресудна улога во борбата против инфлацијата имаат фискалната и монетарната политика. Успехот на овие две јавни политики се врзува токму со држењето на инфлацијата под контрола.

Согласно член 2 став (3) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, доколку со овој закон некое прашање во врска со организацијата и работата на Народната банка на Република Северна Македонија не е уредено, во тој случај се применуваат одредбите на друг закон во кој е уредено тоа прашање.

Советот на Народната банка на Република Северна Македонија е највисокото одлучувачко тело на централната банка. Оттаму, произлегува и обврската на Советот на Народната банка пропишана во членот 2 став 3 од Законот за дополнување на Законот за облигационите односи, имајќи предвид дека одлуките на Народната банка ги донесува Советот како највисоко тело според членот 47 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија. Државниот завод за статистика дава податоци во врска со инфлацијата до Народната банка на

Република Северна Македонија, која ги користи во нивните анализи, пресметки за макроекономските проекции и мерките што ги донесува.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, делот „Советот на” од член 2 став 3 од Законот за дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21), е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорениот дел од член 2 став 3 од Законот за дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21), односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

## Точка 56

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Аце Николов од Велес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.126/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.239/22) и притоа го утврди следното мислење:

До Уставниот суд беше поднесена иницијатива од страна на Аце Николов од Велес, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации, од причина што, истиот не е во согласност со членот 8 став (1) алинеја 3, член 20, член 51 и член 54 од Уставот на Република Северна Македонија.

Според наводите од предметната Иницијатива, подносителот смета дека оспорените законски одредби, законодавецот се вмешува во организации кои спаѓаат во приватната сфера и пропишува дополнителен услов, а кој е несогласен со член 20 од Уставот. Дополнително, подносителот смета дека постои можност за повреда на слободата на здружување која е и во меѓународните акти мошне широко поставена, бидејќи програмата и дејствувањето на организацијата можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок или поттикнување, односно повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост, а никако кон уривање на уставниот поредок или кон поттикнување на некаква омраза или нетрпеливост не може да биде насочено називот, името или скратеното име на организацијата.

Понатаму, со одредбите од наведениот Закон нема никакви критериуми по кои се утврдува дали да не се даде позитивно мислење на употреба на име, назив или скратено име на некоја организација. Со ваквото законско решение, според подносителот на Иницијативата, ќе се создаде правна несигурност каде што остварувањето на правото на граѓаните за здружување во организации ќе зависи од

волјата на пет члена на Комисијата за употреба на имиња па оттука, не е јасно во кои случаи Комисијата ќе даде позитивно мислење за упис на одредена организација во соодветниот регистар.

Ограничување на уставно право како што е правното за основање на здруженија на граѓани не може да се сведе на правила и процедура предвидена во деловник за работа на Комисијата, туку како што е предвидено истото мора да биде предвидено со самиот Устав. Дополнително, подносителот смета дека одредбите од оспорениот закон не се во согласност со Уставот во делот на важењето на повратното дејство на законот односно дека уставното начело за забрана за повратно дејство на законите значи забрана за примена на законите во правни ситуации и односи што настанале пред нивно влегување во сила, односно законите дејствуваат само врз новите правни ситуации и односи што настануваат по нивно влегување во сила. Исклучок од ова уставно начело е ако повратното дејство на законот е поповолно за граѓаните.

Поднесената иницијатива е неоснована од следните причини:

Уставот на Република Северна Македонија е највисок правен акт и е донесен на 17 ноември 1991 година од страна на Собранието. Во Уставот на Република Северна Македонија се вградени меѓународните стандарди за човековите права. Како една од темелните вредности наведени во член 8 од Уставот се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот.

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот, како и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на слободите и правата на граѓаните, а во случај на евентуална повреда на некое субјективно право на граѓанинот да се обезбеди заштита пред судовите и Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност, а чија правна основа произлегува од Уставот и законите.

Граѓаните во Република Северна Македонија можат слободно да основаат здруженија на граѓани, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат, а државата преку соодветни механизми да обезбеди зголемена заштита и за начин како да се спроведува истата.

Начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата, фондациите, сојузите, организационите облици на странските организации во Република Северна Македонија, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес се уредуваат со Законот за здруженија и фондации.

Имајќи го предвид горенаведеното, законодавецот ја гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на политичките, економските,

социјалните, културните и другите права и уверувања, при тоа, водејќи сметка таквото здружување да не предизвикува несогласување меѓу граѓаните, како и да се обезбеди правна заштита на уставниот поредок ограничувајќи упис на организација и основање на организација ако називот, името, скратеното име, програмата, целите, дејностите и нејзиното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Северна Македонија, поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна, верска омраза или друга нетрпеливост, нетолеранција, омраза, геноцид, екстерминација, ширење или поддршка, поттикнување и одобрување на фашизам, нацизам, национал-социјализам и Третиот рајх, преземање на активности поврзани со тероризам, преземање на активности кои се спротивни на Уставот или на законот и преземање на активности со кои се повредуваат слободите и правата на други лица.

Со вака конципираните законски одредби, законодавецот обезбедува право на здружување на граѓаните заради остварување на нивните права, а истовремено и заштита на уставниот поредок, што не значи дека граѓаните при остварувањето на своите права и барање на заштита за истите треба да ја пречекоруваат уставната рамка за остварување на своите слободи и права.

Во однос на поведување постапка за забрана на работата на организациите согласно членот 66 е утврдено дека „Секој може да поднесе иницијатива за забрана на работата на организациите пред надлежниот јавен обвинител“.

Ставот (2) од истиот член пропишува „Ако надлежниот основен јавен обвинител според седиштето на организацијата по службена должност или по поднесената иницијатива оцени дека постојат причини за забрана на работата на организацијата во согласност со овој закон, ќе поднесе предлог до надлежниот суд“. Постапката за забрана е итна.

Согласно измените, предвидено е формирање на Комисија за историски личности од страна на Владата на Република Северна Македонија. Комисијата за употреба на имиња за својата работа носи Деловник за работа. Деловникот за работа не ги содржи критериумите врз основа на кои Комисијата ќе треба да одлучува по конкретно барање туку Законодавецот во членовите 1 и 2 од измените и дополнувањата на законот јасно ги поставил критериумите врз основа на кои Комисијата за употреба на имиња ќе треба да даде позитивно или негативно мислење по поднесеното барање. По доставување на мислењето од страна на Комисијата, министерот за правда носи соодветна одлука.

Во Преодните и завршните одредби е допрецизирана постапката и обврската за организациите кои се регистрирани согласно со одредбите на Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16), во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон, да ги усогласат своето име и/или назив, скратено име, програма, цели и дејности

согласно одредбите од овој закон, пред Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Организациите регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16), кои нема да ги усогласат името и/или називот, скратеното име, програмата, целите и дејностите се бришат од Регистарот, врз основа на донесена одлука за неусогласеност од страна на министерот за правда по претходно добиено негативно мислење од Комисијата. Одлуката се донесува во рок од четири месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Имајќи го предвид изнесеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.239/22).

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.118124 КО Кисела Вода 2, 1/3 идеален дел од КП бр.5866/1 и Имотен лист бр.49276 за КО Кисела Вода 2, 2/6 идеален дел од КП бр.5866/2, викано место/улица Г. Лисиче 168 и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот кој претставува 280/356 идеален дел од КП бр.2461 со Имотен лист бр.4817 и Имотен лист бр.25407 за КО Сингелиќ-1 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 59**

1. Владата ја разреши Ермира Фида од должноста член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити.

1.1.Владата ја именува Лиридона Бекири за член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, на предлог на министерот за финансии.

2. Владата го разреши Зоран Петров од должноста национален координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Северна Македонија.

3. Владата го разреши Борче Јакимовски од должноста национален координатор за унапредување на работата на јавните претпријатија.

4. Владата го разреши Емил Димитровски од должноста вршител на должноста директор на Управата за наменско производство, орган во состав на Министерството за економија.

5. Владата го разреши Дејан Богоески од должноста вршител на должноста директор на Управата за сигурност во железничкиот систем, орган во состав на Министерството за транспорт и врски.

6. Владата ја разреши Рената Младеновска од должноста вршител на должноста директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат орган во состав на Министерството за здравство.

7. Владата ја именува Рената Младеновска за директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, орган во состав на Министерството за здравство и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата го разреши Апостол Симовски од должноста вршител на должноста директор на Државниот завод за статистика.

9. Владата го именува Апостол Симовски за директор на Државниот завод за статистика, досегашен вршител на должноста и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата го разреши Јован Јовановски од должноста член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Посебното основно училиште со ученички дом „Маца Ѓорѓиева Овчарова“-Велес, поради истек на мандатот за кој е именуван.

10.1. Владата го именува Јован Јовановски за член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Посебното основно училиште со ученички дом „Маца Ѓорѓиева Овчарова“-Велес.

11. Владата од должноста членови на управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, ги разреши:

-Анета Игнатова, на нејзино барање и

-Томе Костадиновски.

12. Владата го разреши Горан Станојевиќ од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Гостивар, на негово барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

12.1. Владата го именува Дениз Рамадани за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Гостивар.

13. Владата ја разреши д-р Катерина Беличовска од должноста определен претставник во Советот на Јавната научна установа Хидробиолошки завод-Охрид, на нејзино барање.

14. Владата го разреши Вангел Михајлов од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Кочани, на негово барање.

14.1. Владата го именува Јорданче Донев за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Кочани.

15. Владата го разреши Шкељким Селими од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат-максилофацијална хирургија-„Академик Илија Васков“.

16. Владата ја именува Фатљуме Реџа-Лусњани за член на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, за период од три години.

17. Владата го отповика Ѓоко Илиевски од должноста член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, претставник од синдикалната организација.

17.1. Владата го избра Борче Гиновски за член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, претставник од синдикалната организација.

18. Владата го разреши Владимир Кроневски од должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија.

19. Владата ја именува Кристина Јоакимовска за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија.

20. Владата го разреши Бојан Лазаревски од должноста директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот за кој е именуван.

21. Владата го именува Бојан Лазаревски за вршител на должноста директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, досегашен директор на Агенцијата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

## Точка 60

**1.** Владата по повод учеството на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на Минхенската безбедносна конференција во Минхен, предвидена да се одржи од 17 февруари до 19 февруари 2023 година, ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да го оформи составот на владината делегација, која ќе присуствува на Минхенската безбедносна конференција од 17 февруари до 19 февруари 2023 година.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за хотелското сместување, локалниот транспорт, пропратните трошоци за наем на возила на делегацијата и на еден медиумски претставник за организирано медиумско следење на работната посета.

3) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за авиобилетите на делегацијата и на еден медиумски претставник за организирано медиумско следење на работната посета.

**2.** Владата по Барањето за дополнување на заклучоците по Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на друг вид на минерална суровина-кварцен песок и кварцен чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги Портланд-ОПЦ ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Врпчовски", Општина Василево, со Предлог-одлука, Точка 9, од Сто и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 ноември 2022 година, доставено од Министерството за економија, под бр.24-931/1 од 15 февруари 2023 година заклучи, заклучоците да се дополнат со нов заклучок кој да гласи:

-Се задолжува Министерството за економија со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на друг вид на минерална суровина-кварцен песок и кварцен чакал на локалитетот „Врпчовски", Општина Василево, поднесено од Друштвото за производство, трговија и услуги Портланд-ОПЦ ДООЕЛ Струмица.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 2 февруари 2023 година до 8 февруари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата заклучи да се измени Заклучокот бр.1 од 172-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 август 2022 година, точка 126-Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, во периодот од 12 март 2022 до 2 јуни 2022 година и истиот да гласи:

1. Обезбеди парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година на општините кои имаат доставено комплетна документација и тоа:

-На Општина Кичево во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 3.650.537,00 денари и

-На Општина Струга во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 3.969.235,00 денари.

Согласно ова, се задолжува Министерството за финансии да подготви Одлука за одобрување средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**5.** Владата заклучи Предлогот на закон за изменување на Законот за буџети, кој Владата го утврди на 122-та седница на Владата, одржана на 1 февруари 2023 година, да не се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 2 февруари 2023 година до 8 февруари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата по Барањето за изработка на урбанистички план поднесено од Општина Гази Баба, доставено под бр. 28-3/519 од 9 февруари 2023 година, заклучи:

-Се задолжува Министерството за транспорт и врски во Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година, да го вгради изработувањето на урбанистички план за потребите на Општина Гази Баба за изградба на детска градинка

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 2 февруари 2023 година до 8 февруари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** Владата заклучи институциите кои добиле финансиска поддршка од Владата на Република Северна Македонија во 2021 година, а кои немаат доставено извештај за искористени средства, наведени во прилогот во рок од две недели до Владата да доставaт извештај за начинот на искористување на средствата.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на Република Северна Македонија во НАТО Процесот на одбранбено планирање во периодот јули-декември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје во период од 1.7.2022 година до 30.9.2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работа на М-НАВ А.Д. Скопје за периодот јули-септември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата го разгледа Финансискиот план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за работа на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија, за периодот јануари-јуни 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 66

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Даноците за животната средина во функција на ефективно спроведување на политиките за заштита на животната средина“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за ревизија на успешност „Даноците за животната средина во функција на ефективно спроведување на политиките за заштита на животната средина“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 67

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување на Систем за следење и контрола на тутунски производи и Систем на следење и контрола на нафта и нафтени деривати со препораки за начинот на имплементација во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство да постапи по Барањето за достава на елементи за подготовка на Предлог на закон за ратификација на меѓународен договор од Министерството за надворешни работи, бр.46-20122/22-2 од 23.6.2022 година, за да може Министерството за надворешни работи согласно член 20 од Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународните договори („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/98), да поднесе предлог до Собранието на Република Северна Македонија за донесување на Закон за ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволена трговија со тутунски производи, најдоцна до 28 февруари 2023 година.

2. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за европски прашања, до Министерството за финансии-Царинската управа да доставаат номинации за членови во работната група за имплементација на Системот за следење и контрола на тутунски производи-T&T (номиниран член-раководно ниво), во рок од два дена од усвојувањето на оваа информација.

3. Се задолжува Министерството за финансии-Царинската управа да формира работна група за имплементација на Системот за следење и контрола на тутунски производи-T&T, со претставници од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за европски прашања, во

рок од два дена од доставувањето на номинациите, која во рок од 30 дена од денот на формирањето ќе треба да подготви и до Владата на Република Северна Македонија да достави информација која ќе содржи осврт на можните модели и акциски план за имплементација на Системот за следење и контрола на тутунски производи-T&T.

4. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Министерството за финансии-Царинска управа и Министерството за економија-Државен пазарен инспекторат, до Министерството за економија да доставаат номинации за членови во работната група за имплементација на Системот за следење и контрола на нафта и нафтени деривати (номиниран член-раководно ниво), во рок од два дена од усвојувањето на оваа информација.

5. Се задолжува Министерството за економија да формира работна група за имплементација на Системот за следење и контрола на нафта и нафтени деривати-T&T, со претставници од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Министерството за финансии-Царинска управа и Министерството за економија-Државен пазарен инспекторат, во рок од два дена од доставувањето на номинациите, која во рок од 30 дена од денот на формирањето ќе треба да подготви и до Владата на Република Северна Македонија да достави информација која ќе содржи анализа на можните модели, вклучувајќи го и моделот на јавно-приватно партнерство и анализа и предлог за потребната правна рамка за имплементација на Системот за следење и контрола на нафта и нафтени деривати.

6. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од три дена од денот на формирањето на работната група за имплементација на Системот за следење и контрола на нафта и нафтени деривати од страна на Министерството за економија, да ги достави сите изготвени материјали поврзани со Системот за следење и контрола на нафта и нафтени деривати.

## Точка 68

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 66 став 3 од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија". бр.203/22), поднесено од пратеникот Бедри Фазли и притоа го утврди следното мислење:

Со дописот се бара автентично толкување на одредбата од член 66 став (3) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.203/22), во смисла на тоа дали одредбата се однесува на сите вработени во органот на државна управа кој ги врши работите кои се однесуваат на изготвување и извршување на Буџетот на Република Северна Македонија или се однесува на

вработените во органот на државна управа кој ги врши работите кои се однесуваат на изготвување и извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, но кои извршуваат специфични работни задачи и имаат посебна одговорност која произлегува од нивното работно место согласно актот за систематизација на работни места во органот.

Одредбата на членот 66 став 3 од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22), гласи:
„(3) Вработените во органот на државна управа кој ги врши работите што се однесуваат на изготвувањето и извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија добиваат 30% од основната плата како надополнување на редовната плата поради специфични работни задачи и посебната одговорност која произлегува од работното место“.

Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбата од член 66 став (3) треба да се толкува во смисла дека поради специфичните работни задачи и посебната одговорност која произлегува од работните места утврдени во актот за систематизација, вработените во органот на државната управа кои ги вршат работите што се однесуваат на изготвувањето и извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, добиваат 30% од основната плата како надополнување на редовната плата.

## Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплови на вооружените сили на партнерите од НАТО сојузот (САД, Република Италија, Кралство Шпанија и Република Франција) на Армискиот полигон „Криволак“, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплови на вооружените сили на партнерите од НАТО сојузот на Армискиот полигон „Криволак“.

## Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од формирање на проектна единица за спроведување на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија, во состав на Јавното претпријатие за државни патишта и ја усвои со следните заклучоци:

1. Заклучокот бр.4 од Точка 53 од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јуни 2022 година се менува и гласи:

„4. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта веднаш да пристапи кон изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работни места заради формирање на проектната единица за спроведување на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија.“.

2. По заклучокот бр.4 се додава нов заклучок 4-а кој гласи:

„4-а. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во најкраток можен рок да даде согласност на правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешната организација и Правилникот за систематизација на работните места на Јавното претпријатие за државни патишта- заради формирање на проектната единица за спроведување на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија, откако ќе бидат доставени од Јавното претпријатие за државни патишта.“.

3. Заклучок бр.5 се менува и гласи:

„5. Се задолжува Министерството за финансии во најкраток можен рок да даде согласност за вработување на 29 лица по формирање на проектната единица за спроведување на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија, на определено време до завршување на Проектот, а најдолго пет години.“.

4. Заклучокот бр.6 се менува и гласи:

„6. Проектната единица за спроведување на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија ќе биде предвидена и финансирана од буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта.“.

5. По заклучокот бр.8, се додава нов заклучок бр.9 кој гласи:
„9. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да објави Јавна набавка за набавка на теренски возила за потребите на проектната единица за спроведување на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан)

и Коридорот 10д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија.“.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со имплементацијата на инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII“, и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски-Сектор за Европска Унија и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје како краен корисник да ја подготват тендерската документација за договорот за градежни работи за изградба на железничката делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, согласно договорните услови за ФИДИК, жолта книга и истата да ја достават до Министерството за финансии, Сектор за централно финансирање и склучување договори најдоцна до 27.2.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување договори, доколку нема забелешки по квалитетот на доставената тендерска документација, истата да ја проследи до Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија (ДЕУ) на претходно (ex-ante) одобрување, најдоцна до 10.3.2023 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување договори по одобрувањето на тендерската документација од страна на Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија (ДЕУ) да го објави тендерот за избор на изведувач за градежните работи на железничката делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за оправданоста на барањето за вработување во ЈП за стопанисување со пасишта-Скопје, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да одговори позитивно на доставеното Барање за обезбедени финансиски средства за пополнување на 9 (девет) работни места на определено време во ЈП за стопанисување со пасишта.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за висината на потребните дополнителни финансиски средства за кофинансирање на големиот ИПА проект „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Кичево“ и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии во рамки на разделот 09002-Функции на држава да ги предвиди дополнителните средства во износ од 2.626.812,71 евра кои ќе бидат наменети за реализација на проектот „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Кичево“, согласно динамиката за реализација на Договорот.

## Точка 74

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Четвртата седница на Комитетот за преговори за склучување на Договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности да достави информација до надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор 8 и Коридор 10д за сопственоста на земјиштето на патниот коридор за изградба на Коридор 8 и Коридор 10д, најдоцна до 17 февруари 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за економија да достави информација до надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор 8 и Коридор 10д за сопственоста на предложените локации за каменоломи, позајмишта и одлагалишта во рамките на патниот коридор за изградба на Коридор 8 и Коридор 10д, најдоцна до 17 февруари 2023 година.

3. Се задолжува Министерството за економија да ги стави во мирување сите започнати постапки за минерални суровини во близина на патниот коридор за изградба на Коридор 8 и Коридор 10д, согласно доставениот патен коридор од Јавното претпријатие за државни патишта.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави информација до надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор 8 и Коридор 10д за сопственоста на предложените локации за депонии во рамките на патниот коридор за изградба на Коридор 8 и Коридор 10д, најдоцна до 17 февруари 2023 година.

5. Се задолжуваат д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Министерството за внатрешни работи, ЕВН Македонија АД Скопје, Македонски телеком АД-Скопје, Агенцијата за електронски комуникации и АД МЕПСО во рок од три дена да одржат состанок за разгледување на постојната законска регулатива и да се разгледа можноста за дислокации на инсталации во сопственост на посочените институции.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:30 часот.

Генерален секретар на Владата
на Република Северна
Македонија

м-р Методија Димовски

Прв заменик на претседателот на
Владата на Република
Северна Македонија

dr. Artan Grubi